Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис.

Арх.бр. УП1-11/3-1041/2019

Дата. 10-12-2019

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 118 став 3 а во врска со член 130 став 1 и став 2 и член 134 став 2 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), постапувајќи по барањата на правните субјекти ДПТУ Блу Енерџи ДОО Тетово и ДППУ Блу Технологи ДООЕЛ, Тетово заведено под бр.УП1-11/3 1041/2019 доставено на 12.07.2019 година, Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола

1. Се пренесува А – Интегрирана еколошка дозвола за ДПТУ Блу Енерџи ДОО Тетово на операторот ДППУ Блу Технологи ДООЕЛ, Тетово .
2. Се задолжува операторот ДППУ Блу Технологи ДООЕЛ, Тетово, кој го бара преносот на А – Интегрирана еколошка дозвола да ги надомести трошоците за објавата на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.
3. Се задолжува операторот да ги преземе сите непоходни активности во насока на исполнување на обврските дефинирани во А – Интегрирана еколошка дозвола.

### Образложение

Правниот субјект ДПТУ Блу Енерџи ДОО Тетово доби А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. УП1-11/3 8/2017 од 02.10.2017 година). Согласно член 134 став 2 а во врска со членот 130 став 1 и став 2, операторот ДППУ Блу Технологи ДООЕЛ, Тетово по извршената генерална еколошка ревизија во насока на поднесување на

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

барање за пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола, приложи извештај од извршената генерална еколошка ревизија. По разгледувањето на барањето од страна на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, Управа за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање заведно под бр.УП1-11/3 1041/2019 од 31.10.2019 година, врз основа на член 118 став 1 од Законот за животна средина, се реализира целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола од операторот ДПТУ Блу Енерџи ДОО Тетово на операторот ДППУ Блу Технологи ДООЕЛ, Тетово.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил:
Nazim Aliti
Одобрил: Директор на Управа за Животна средина
Xhezmi Saliu